# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА, ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Како општествено одговорна компанија со желба да ја задржи лидерската позиција во однос на квалитетот и асортиманот во областа на преработка на млеко, производството на млечни производи и природни овошни сокови, МЛЕКАРА А.Д. Битола се обврзува за постојано унапредување на ефикасноста на Системите за управување согласно имплементираните стандарди, водејќи сметка за контекстот на организацијата, како и стратешкиот правец на истата.

Најважни принципи за остварување на оваа Политика се:

1. Во целост ги исполнуваме барањата и очекувањата на сите заинтересирани страни и со одржување на високо ниво на квалитет и безбедност на нашите производи и услуги, настојуваме да ја оправдаме довербата и го зголемиме нивното задоволство.
2. Се залагаме за здрава животна средина и спречување на загадувањето на околината.
3. Подобрување на работната околина и спречување на повреди на работните места и опасностите по здравјето како на вработените, така и на сите присутни во работната средина преку консултации и учество на вработените и претставници на синдикалната организација.
4. Континуирано го унапредуваме системот за управување со квалитетот и безбедноста на храната, заштита на животна средина како и системот за управување со безбедност и заштита при работа со исполнување на барањата на ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, ISO 45001:2018, ISO 22000:2018, IFS Food кој покрај останатото дефинира култура на сигурност на храната која се однесува на заедничките вредности, уверувања и норми кои имаат влијание на начинот на размислување и однесување внатрешно во целата организација.
5. Посветени сме на производство и продажба на безбедни, висококвалитетни и автентични производи со цел да ги исполниме очекувањата на потрошувачите. Ги одржуваме највисоките стандарди на транспарентност, интегритет и доверба, обезбедувајќи дека секој производ што го носи нашето име е вистински одраз на неговиот деклариран квалитет и потекло.
6. Ги следиме и почитуваме сите релевантни законски и други барања кои се применливи во нашето работење и локација.
7. Врз основа на идентификација, анализа на ризиците и воспоставениот систем за управување со процесите, како и со ризиците и можностите, систематски ги контролираме потенцијалните опасности кои можат да ја загрозат безбедноста на суровините, репроматеријалите, производите, услугите, како и работната околина и животната средина.Континуирано работиме на унапредување на комуникацијата, знаењето, свесноста и компетентноста на вработените за ефикасна работа и за значењето, одговорноста и улогата на нивните активности врз квалитетот и безбедноста на нашите производи како и свеста за здрава и безбедна работна и животна средина.
8. Работиме на развој на млекопроизводството преку воведување на современи техники и технологии, едукација и помош на фармерите за да се обезбедат доволни количини на сурово млеко со квалитет кој ги задоволува највисоките светски стандарди.
9. Одржуваме коректни партнерски односи со нашите добавувачи на производи и услуги, со позитивно влијание врз нивниот развој и евалуација на нивните перформанси заради квалитетно и навремено обезбедување на суровина, опрема и услуга, а при тоа водејќи грижа за животната средина како и здравјето и безбедноста при работа.
10. Со помош на воспоставените методи за мониторинг и мерење на перформансите на процесите и нивното влијание на животната и работната средина вршиме валидација и унапредување на ефикасноста и ефективноста на процесите во системите.
11. Работните задачи кои го поддржуваат системот за управување, ги исполнуваме со најмали можни трошоци и најмало можно негативно влијание врз животната средина земајќи ја во предвид одржливоста.
12. Соработуваме со сите заинтересирани страни заради позитивен ефективен придонес за унапредување на животната и работната средина како и квалитетот и безбедноста на производот.
13. Политиката и целите транспарентно ја соопштуваме и објаснуваме на вработените, купувачите, како и на сите други заинтересирани страни. Сите врботени се одговорни да своите активности ги обавуваат согласно оваа Политика.

Оваа Политика претставува рамка за воспоставување и ревидирање на целите, а Раководството на МЛЕКАРА А.Д. Битола има целосна одговорност за обезбедување соодветни ресурси и следење на нивното спроведување.

МЛ-ЗП-КОр-06
РЕВИЗИЈА 15
12.02.2025

bimilk

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР
ЃОРЃИ ПЕТРУШЕВ